Врз основа на иницијатива за измена на Статутот на ЈП ,,КОМУНАЛЕЦ – Кичево, бр. 01- 310/2 од 17.05. 2019 год.согласно член 19 од Законот за Јавните претпријатија ( Сл. весник на РМ 38/96.........89/2022 ) Управениот Одбор , на седницата одржана на 17. 05.2022 донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**За измена на Статутот на ЈП”КОМУНАЛЕЦ” – Кичево**

I.**Член 18 од Статутот** на ЈП ,,КОМУНАЛЕЦ,, – Кичево се менува и гласи:

Член 18

.Јавното претпријатие се организира во сектори и одделенија

Покрај организационите единици утврдени во Правилникот **за внатрешна организација** , како независни и самостојни во својата работа, надвор од секторите и одделенијата, се предвидуваат и следните работни места:

1. Помошник директор за економски и правни прашања
2. Технички директор
3. Самостоен советник на директорот за координативни активности и оператива

Во рамки на претпријатието како самостојни организациони единици - одделенија се формираат:

1.Одделение за поддршка на Директорот (Канцеларија на директорот)

2.Одделение за внатрешна ревизија

3.Одделение за јавни набавки

Во рамки на претпријатието се формираат следните сектори и одделенија

1.**СЕКТОР ЗА ПРАВНИ, АДМИНИСТРАТИВНО – ОПШТИ РАБОТИ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
1.1.Одделение за правни и административно – општи работи
1.2.Одделение за управување со човечките ресурси

**2.СЕКТОРОТ ЗА ФИНАНСИСКИ РАБОТИ И КОМЕРЦИЈА**
2.1.Одделение за сметководство и финансии
2.2.Одделение за комерција и плани и анализа

**3.СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНИЛОГИИ И РАЗВОЈ**
3.1.Одделение за планирање на инвестиции и развој
3.2.Одделение за информатички и комуникациски технологии (ИКТ)

**4.СЕКТОРОТ ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА**
4.1. Одделение за санитарна контрола и дезинфекција
4.2. Одделение за одржување на водоводна мрежа- Кичево
4.3. Одделение за одржување на водоводна мрежа – Зејас
4.4. Одделение за одржување на водоводна мрежа – Осломеј
4.5. Одделение за канализација и третман на на урбани отпадни води

4.6. Одделение за градежни работи и одржување

**5.СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И ПАЗАРИ**
5.1. Одделение за собирање транспорт и депонирање на комунален отпад
5.2. Одделение за јавна хигиена и подигање на зеленило
5.3. Одделение за управување со гробишта
5.4. Одделение - Пазари

**6.СЕКТОР МЕХАНИЗАЦИЈА**
6.1.Одделение за експлоатација на возен парк
6.2.Одделение за техничко одржување на возила и градежни машини

**7.СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО КОРИСНИЦИ**
7.1.Одделение за односи со корисници (наплата)
7.2.Одделение за теренско техничка контрола и исклучување

**8.СЕКТОР ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА**
8.1.Одделение за јавни паркиралишта
8.2.Одделение за подигање на возила – пајак служба

**2. Член 22 се менува, се додаваат нови членови 22-а , 22 – б**

## 1. УПРАВЕН ОДБОР

### Член 22

Орган на управување на Јавното претпријатие е Управниот одбор.
Управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината во која живеат до 50.000 жители **се состои од пет членови**.
Членовите на управниот одбор на јавното претпријатие ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.
За член на управниот одбор на јавното претпријатие може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен предвидените услови , членовите на управниот одбор во јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:
- **два члена на управниот одбор** треба да имаат најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика
- **најмалку еден член на управниот** одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење,
- **најмалку еден член на управниот** одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и
- **најмалку еден член на управниот одбор** треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

**Член 22- а**

За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината , три месеци пред истекот на мандатот на постојните членови, на предлог на градоначалникот на општината

**Член 22- б**

Основачот може да ги разреши сите членови на управниот одбор на јавното претпријатие пред истекот на мандатот доколку не даде согласност на годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие, согласно со законот за Јавни претпријатија.

Основачот на јавното претпријатие може да го разреши претседателот или членот на управниот одбор на јавното претпријатие во следниве случаи

- по негово барање,
- ако неоправдано отсуствува на седниците на управниот одбор два пати последователно или три пати во текот на една календарска година,
- ако се утврди дека во постапката за негово именување дал невистинити податоци и
- ако со правосилна судска пресуда во текот на извршување на функцијата му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Во случај на смрт или губење на деловната способност функцијата член на управниот одбор на јавното претпријатие престанува по сила на закон.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на член на управниот одбор во јавното претпријатие, се спроведува постапка за селекција согласно со одредбите од законот.

Мандатот на ново избраниот член на управниот одбор трае до истекот на мандатот на постојниот состав.

Доколку основачот на јавното претпријатие ги разреши сите членови на управниот одбор, до именување на нови членови може да назначи вршители на должност членови на управниот одбор кои ги исполнуваат законските услови за членови, со мандат од најмногу три месеци, без можност за продолжување

Општината кога е основач на јавното претпријатие, Советот на општината назначува вршители на должност членови на управен одбор на предлог на градоначалникот на општината.

**3.Член 27 се менува и гласи:**

**Член 27**

Претседателот на управниот одбор или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на управниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината , кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на управниот одбор на јавното претпријатие.

**Претседателот и членовите на управниот одбор на јавното претпријатие имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие и изготвување на материјалите за седници.**

Доколку членовите на Управниот одбор не ги подготвуваат материјалите за седници , право на надомест имаат лицата вработени во ЈП , кои ги подготвуваат материјалите за седницата.

Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на управниот одбор поединечно, не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

**Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на управниот одбор и лицата кои ги подготвуваат материјалите за седници на јавното претпријатие со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.**

**4. Член 29 се менува и гласи:**

**Член 29**

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на јавните претпријатија се формира надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошниот текст: надзорен одбор) составен од три члена.

За член на надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од ставот 2 на овој член, членовите во надзорниот одбор на јавните претпријатија треба да имаат и соодветно работно искуства и тоа:

- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно Националната класификација на дејностите на Државниот завод за статистика, -
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи

Времетраењето на мандатот на членовите во надзорниот одбор на јавното претпријатие изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Членовите на надзорниот одбор во јавното претпријатие од ставот 1 на овој член ги именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие.

Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите од овој статут кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор.

**5.Член 30 се менува и гласи**

Надзорниот одбор од редот на членовите избира претседател и заменик.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 4 години.

Членовите на Надзорниот одбор можат да присуствуваат на седниците на Управниот одбор.

Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината , кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.

**6.Член 33 се менува и гласи**

**Член 33**

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие.

**II.** Одлуката влегува во сила со денот на донесување на Одлука за давање согласност на измената и дополната на Статутот на ЈП,, Комуналец,, - Кичево, од Советот на Општина Кичево.

**III.** Се задолжува Секторот за правни, административно правни работи и управување со човечки ресурси да изготви пречистен текст на Статутот и да се изврши промена во Централен регистар на РСМ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО**
**мр-Мухамед Махмуди**